утрински Весник

Архивски Број 1257 Петок, 29 Август 2003



КУЛТУРА

### Во Музејот на современата уметност

# Презентирање на "Македонска реалност" на ОПА и ХА



Вечерва во 20 часот, во кино салата на Музејот на современата уметност, ќе биде презентиран видео материјалот "Македонска реалност", чии автори се членовите на две уметнички групи: ОПА (Опсесивно Посесивна Агресија - Денис Сарагиновски и Слободанка Стевческа) и ХА (Хронична Арогантија - Сашо Талевски). Делото е изработено во Париз, инспирирано директно од големите успеси што македонската уметност ги доживува во последните години на светската уметничка сцена низ бројните престижни културни центри (галеријата на УНЕСКО во Париз, најстарото париски кино "Ле Кле", центрите Рим, Минхен, Њујорк...), по што останува трајно забележана од страна на еминентни ликовни критичари низ реномираните печатени и електронски медиуми.

Групата ОПА почна со работа во 2000 год. и како плод на нивната заедничка работа произлегоа делата "Зафаќање Одекам", Скопје, 2001 год.; "Туркај-туркај!", со американката Маргарет Тадеско, Табор, Република Чешка, 2002 год.; "Невидлива закана", Париз, 2002, "Шанел Париз", Париз, 2002; "Перформанс", во соработка со канадско-француската музичка група "Виалка", Крањ, Словенија.

Во 2002 год. почнува соработката со групата ХА, во која членува новинарот Сашо Талевски, и како резултат произлегува делото "Арс Селективе", Точка, Скопје, 2002. (С.Г.)

Креирано со nextsense WebBuilder

nextsense HOSTING SOLUTIONS hosting partner On.net Кога ти треба ИНТЕРНЕТ

комерцијална банка а.д. скопје БАНКА НА ГОДИНАТА 2002
bestnet
Балканска Банка
АЛКАЛОИД а.д.
ТОПКИ by ФИЛЕ www.topki.com.mk
On.net www.On.net.mk
MT-HET http://e-card.mt.net.mk
МОЈОТ КРУГ МОБИМАК
ЈАСНОВИДКА ТАНИНА јасновидство по телефон 0500 40 306 мин/45 ден.+19% ддв закажување лични средби 02 298-062
салон за масажа massage salon Revita www.massage.com.mk Скопје 11 55 77

© 2001 Утрински Весник, сите права задржани